ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2023 ГОДИНА НА ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ ДЕПОЗИТНА СМЕТКА (696)

01 2024 05 02/3

Скопје, август 2024 година

ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ
ДЕПОЗИТНА СМЕТКА (696)
КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Основен граѓански суд Скопје на депозитната сметка (696) за 2023 година, заедно со ревизија на усогласеност.

За финансиските извештаи на Основен граѓански суд Скопје за 2023 година изразивме мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Не е извршена ревизија ниту е издаден извештај за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за депозитната сметка (696), како и за усогласеност со закони и прописи.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај Основен граѓански суд Скопје, депозитна сметка (696), за 2023 година, е констатирано следното:

- депозитите се со утврдена старосна структура и се однесуваат на период од 2005 до 2023 година но не е утврден статусот на предметите по судските депозити завршени /незавршени, што влијае на преземање мерки за евентуално враќање на судскиот депозит или уплата на средствата во Буџетот на Република Северна Македонија.
- остаток на средства од уплатени депозити за гориво за службено возило кое се користи при увид на лице место, кој депозит не е предвиден со одлука на судот за надоместокот и трошоците за извршителите- судии и службените лица.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот на Останати прашања известивме за потребата од пропишување на формата и содржината на обрасците за водење на судски депозити и усогласување на законската регулатива и Судскиот деловник во однос на сопственоста на примените депозити по нивната застареност.

Од страна на одговорното лице на Основен граѓански суд Скопје не се доставени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор бр. 28-118/10 од 18.07.2024 година за депозитна сметка (696).

# СОДРЖИНА


| Опис | | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Вовед | 2 |
| 2. | Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. | Основ за изразување на мислење | 3 |
| 3.1. | Основ за мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи | 3 |
| 4. | Останати прашања | 6 |
| 5. | Законска основа за ревизијата и временски период | 7 |
| 6. | Опфат и ограничувања | 7 |
| 7. | Одговорност за финансиски извештаи | 7 |
| 8. | Одговорност на ревизорите | 8 |
| 9. | Одговор на ревидираниот субјект | 9 |
| Финансиски извештаи за 2023 година | | |
| Биланс на приходи и расходи | | 10 |
| Биланс на состојба | | 11 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | | |
| Вовед | | 12 |
| Сметководствени политики | | 12 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | | 13 |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 28-118/14
Дата: 30.08.2024

## 1. Вовед

Во согласност со Закон за судови („Службен весник на РМ“ бр.58/06 од 11.05.2006 година), Основниот суд Скопје II Скопје е граѓански суд со основна и проширена надлежност за подрачјето на Град Скопје од април 2007 година.

Основниот суд Скопје II Скопје со Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите објавен во Службен весник на РСМ, бр.96 од 17.05.2019 год. е преименуван во Основен граѓански суд Скопје.

Според член 32 став 4 од Законот за судови, Основниот граѓански суд Скопје е граѓански суд со основна и проширена надлежност за подрачјето на Град Скопје, односно за подрачјето на следниве општини (Центар, Карпош, Ѓорче Петров, Сарај, Кисела Вода, Аеродром, Бутел, Гази Баба, Чаир, Шуто Оризари, Чучер Сандево, Сопиште, Студеничани, Зелениково, Петровец, Илинден и Арачиново).
Во согласност со член 30,31 и 32 од Законот за судови, како и другите важечки прописи, Основниот граѓански суд Скопје е надлежен да одлучува во прв степен во граѓански спорови.

Со судот раководи претседател на Основниот граѓански суд Скопје, избран со Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр. 09-2190/1 од 08.11.2023 година. Истиот ја организира работата и презема мерки заради навремено и уредно вршење на работите во судот. Во негово отсуство и спреченост го заменува заменик на претседател на судот.

Основен граѓански суд Скопје располага со депозитната сметка број (696) отворена во главната книга на трезорот, депонент на Народна банка на Република Северна Македонија, во која се води сметководствена евиденција за состојбата и прометот на средствата по основ на примени и издадени судски депозити.

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на :

- финансиските извештаи на страна 10 и 11 на Основен граѓански суд Скопје, на депозитната сметка (696), за 2023 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.
- усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Основен граѓански суд Скопје за 2023 година на депозитната сметка (696) со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Основен граѓански суд Скопје на ден 31 декември 2023 година, на депозитната сметка (696), како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 3.1. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Основен граѓански суд Скопје, за 2023 година, на депозитната сметка (696), во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

### 3.1. Основ за мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Со извршената ревизија на материјално-финансиското работење на депозитната сметка кое го опфаќа работењето на Основниот граѓански суд Скопје со вонбуџетски средства, како судски депозити, најчесто наменети за употреба веднаш или во најкраток рокза определена цел за увид, вештачење, награди за стечајни управници и друго, ревизијата утврди дека:

– внесувањето и обработката на податоците во врска со материјално финансиското и сметководственото работење со депозитната сметка се врши со користење на соодветна апликација за автоматска обработка на податоците (АБМС),
– согласно член 360 и 361 од Судскиот деловник, судот води сметководство на депозитите на начин што обезбедува увид во состојбата и движењето на средствата на секој депозит по одделни предмети. За примање и издавање на судските депозити од депозитната сметка се води дневник за привремени и редовни депозити, картици по број на предмет и картици по депонент.

Состојбата со привремени и редовни депозити е прикажана во преглед на салда на депозити по години и тоа:

во 000 денари

| Година | Почетно салдо на депозити на 01.01.2023 | Исплатени депозити во 2023 | Салдо на 31.12.2023 |
|---|---|---|---|
| 2005 | 12.109 | / | 12.109 |
| 2006 | 1.571 | / | 1.571 |
| 2007 | 28.796 | / | 28.796 |
| 2008 | 3.147 | / | 3.147 |
| 2009 | 2.237 | / | 2.237 |
| 2010 | 2.052 | / | 2.052 |
| 2011 | 4.373 | / | 4.373 |
| 2012 | 7.956 | / | 7.956 |
| 2013 | 3.721 | / | 3.721 |
| 2014 | 1.341 | / | 1.341 |
| 2015 | 1.566 | / | 1.566 |
| 2016 | 10.208 | / | 10.208 |
| 2017 | 21.431 | / | 21.431 |
| 2018 | 13.267 | 175 | 13.092 |
| 2019 | 7.760 | / | 7.760 |
| 2020 | 16.600 | / | 16.600 |
| 2021 | 34.474 | 153 | 34.321 |
| 2022 | 4.405 | 1.092 | 3.314 |
| 2023 | 27.091 | 3.832 | 23.259 |
| **Вкупно** | **204.106** | **5.252** | **198.855** |

Со извршениот увид во сметководствената документација и евиденцијата на депозитите, ревизијата го утврди следното:

- депозитите се со утврдена старосна структура и се однесуваат на период до 2005 и од 2005 - 2023 година,

- нема податоци за статусот на предметите на судските депозити, завршени /незавршени, ниту пак дали се постапува согласно член 359 од Судскиот деловник[1] според кој предметот на судскиот депозит застарува во рок од 10 години од предавањето на депозитот. За подигањето на судскиот депозит судот редовно, а најмалку еднаш годишно, треба да го повикува лицето во чија корист е предаден предметот на депозит, или депонентот.
  Во истиот член е предвидено ако корисникот на депозитот, или депонентот на покана од судот не го преземе депозитот, судот по истекот на рокот за застареност од десет години за издавањето, со решение утврдува дека правото за издавање на депозитот е застарено и дека предметот на депозитот станал приход на единката корисник на судската власт.
- во текот на 2023 година има исплати на депозити за годините 2018, 2021, 2022 и 2023, но нема исплати на депозити од други изминати години со рок на застареност и тоа пред 2005 и 2005-2014. Поради неиздадени решенија за исплата на депозити, истите остануваат во евиденција на судот и секоја година се пренесуваат како салда од претходни години.

Состојбите по однос на евиденција на судски депозити од минати години, од пред 2005 година до 2014 година, за кои нема податок за статус на предметите на депозитите, завршени / незавршени, ниту пак се врши исплата на истите, влијаат на преземање мерки согласно одредбите од Судскиот деловник за евентуално враќање на судскиот депозит или уплата на средствата во Буџетот на Република Северна Македонија за депозити постари од десет години од денот на нивното предавање.

**Препорака**

Одговорното лице на судот да преземе мерки и активности по однос на судските депозити од изминати години за:

- утврдување на статусот на предметите на кои се однесуваат депозитите завршени / незавршени и
- најмалку еднаш годишно, да се повикува лицето во чија корист е предаден предметот на депозит или депонентот.

3.1.2. Со увид во евиденцијата на поединечни депозити ги утврдивме следните состојби:

- депозити со нецелосни податоци – во евиденцијата е наведено име на уплатувач и дата на уплата, но не и број на предмет при што не постои можност да се утврди предметот за кој се однесува уплатата, што не е во согласност со член 334 од Судскиот деловник во кој е предвидено

---

[1] Судски деловник - Службен весник на РМ, бр. 66 од 09.05.2013 година и Деловник за изменување и дополнување на судскиот деловник -Службен весник на РМ, бр. 114 од 31.07.2014 година

судските депозити да се уплатуваат по наредба на судија поединец, претседател на совет или претседател на суд во која задолжително треба да биде наведен и број на предметот и целта на уплатата.

- случаи кога странките уплатиле повеќе средства за депозити од износот наведен во решение за уплата на депозит. Согласно член 337 од Судскиот деловник, судиите изготвуваат решение/наредба за исплата на депозитот, но во истото го наведуваат само утврдениот износ од решението за уплата на депозит, а не и за остатокот од повеќе уплатениот депозит. Во овие случаи делот од повеќе уплатените средства останува во евиденција на судот што влијае на зголемување на салдото на судските депозити.

**Препорака**

Одговорното лице на судот да преземе мерки при:

- уплата на депозити со што задолжително да биде наведен број на предметот и целта на уплатата и
- во случаи на повеќе уплатени средства за депозити, истите да бидат земени во предвид при изготвување на решение за исплата на депозитот.

3.1.3. Ревизијата утврди остаток на средства од уплатени депозити за гориво за службено возило кое се користи при увид на лице место, во вкупен износ од 174 илјади денари за период 2017-2023 година. Имено, од 2017 година при вршење на увиди на лице место, а со употреба на службено возило, странката по задолжување на судот, согласно Одлука[2] во кој е предвиден надоместокот и трошоците[3] за извршителите - судии и службените лица, врши уплата на депозит од 2000 денари (800 денари за судија, 400 денари за дактилограф, 400 денари за возач и 400 денари за гориво за службено возило). По извршување на увидот судијата носи решение за исплата од депозитната сметка само за судија, дактилограф и возач, но не и за расходот за гориво за службеното возило. Причина за истото е што во Одлуката на судот не е предвиден депозит за гориво за службено возило, ниту за начинот на постапување со овој дел од депозитот. Одлуката е донесена во 2007 година и до денес не е ажурирана, односно не е предвиден надоместокот за гориво.

---

[2] Одлука за преземање на судски дејствија надвор од судската зграда Бр. 02-СУ бр.57/2007 од 04.09.2007 година, донесена согласно член 212 и член 147 од Законот за парнична постапка Сл. Весник на РМ 79/05 од 21.09.2005 година

[3] надоместокот и трошоците се пресметуваат согласно член 33 од Правилник за надоместок на трошоците во кривичната и процесната постапка и постапката за стопански престапи Сл.весник на РМ бр.11/88, 27/89, 47/89, 16/90, 11/91, 52/91, 42/92, 6/93 и 2/94

Со оглед на тоа што Одлуката сеуште не е ажурирана согласно член 147 од Законот за парничната постапка[4] во кој е предвидено намирување на трошоци што ќе настанат по повод изведувањето на докази, влијае за зголемување на салдото на депозити.

**Препорака**

Одговорното лице на судот да преземе мерки и активности за донесување на акт со што ќе се предвиди депозит за гориво за службено возило како и начинот за постапување со истиот и други трошоци настанати при изведувањето на докази.

## 4. Останати прашања

4.1. Со член 361 од Судскиот деловник, за примањето и издавање на судските депозити од депозитната сметка предвидено е да се води дневник, картици по број на предмет и картици по депонент од привремени и редовни депозити, но за истите во Судскиот деловник, не е пропишана формата и содржината на истите. Со пропишување на формата и содржината на овие обрасци ќе се придонесе за унифицирање на начинот на водењето на евиденцијата на судските депозити во основните судови и ќе се обезбеди увид во состојбата и движењето на средствата на секој депозит по поодделни предмети.
И покрај наведеното, Основен граѓански суд Скопје, за примањето и издавање на судските депозити води дневник, картици по број на предмет и картици по депонент од привремени и редовни депозити, иако за истите во Судскиот деловник, не е пропишана формата и содржината, со што е обезбеден увид во состојбата и движењето на средствата на секој депозит.

4.2. Постои неусогласеност во законската и подзаконската регулатива во дефинирањето на сопственоста на застарените депонирани предмети по истекот на десет години од нивното предавање. Во член 307 од Законот за вонпарнична постапка[5] предвидено е, ако лицето во чија корист е предаден предметот во депозит или депонентот, во рок од десет години од предавањето на предметот во судскиот депозит не го подигне депонираниот предмет, за што бил редовно повикуван, судот со решение ќе утврди дека депонираниот предмет станал сопственост на Република

---

[4]Редакциски пречистениот текст на Законот за парничната постапка, ги опфаќа: основниот текст на Законот, објавен во "Службен весник на РМ" бр.79/05, Законот за изменување и дополнување на Законот за парничната постапка, објавен во "Службен весник на РМ" бр.110/08, Законот за дополнување на Законот за парничната постапка, објавен во "Службен весник на РМ" бр.83/09 , Законот за изменување и дополнување на Законот за парничната постапка, објавен во "Службен весник на РМ" бр.116/10 и Законот за изменување и дополнување на Законот за парничната постапка, објавен во "Службен весник на РМ" бр.124/15, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

[5] Редакциски пречистениот текст на Законот за вонпарничната постапка ги опфаќа: основниот текст на Законот, објавен во "Службен весник на РМ" бр.9/08 и Одлуката на Уставниот суд, У.бр.146/2017, објавена во "Службен весник на РМ" бр.77/18, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

Северна Македонија. Во член 359 од Судскиот деловник предвидено е дека ако корисникот на депозитот или депонентот на покана на судот најмалку еднаш годишно не го преземе депозитот, судот по истекот на рокот за застареност од десет години за издавањето, со решение утврдува дека правото на издавање на депозитот е застарено и дека предметот на депозитот станал приход на единката корисник на судската власт.

## 5. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2024 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е спроведена во периодот од 18.03.2024 до 31.05.2024 година, кај Основен граѓански суд Скопје од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Бљерта Ганиу, помошник на главниот државен ревизор (по овластување) и овластен државен ревизор;
- Нада Бојаџиевска, самостоен ревизор и овластен државен ревизор;
- Александар Трајков, виш ревизор;
- Исни Абдулаи, виш ревизор и
- м-р Самире Бислими Сулејмани, ревизор.

Од страна на Државен завод за ревизија не е извршена ревизија, ниту е издаден извештај за депозитната сметка (696) на Основен граѓански суд Скопје.

## 6. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во опфат на ревизијата.

## 7. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на раководството на субјектот Основен граѓански суд Скопје, застапувано од:

- Илир Сулејмани, претседател на Основен граѓански суд Скопје во период од 29.04.2015 до 08.11.2023 година
- Бесник Авдија, претседател на Основен граѓански суд Скопје од 09.11.2023 година

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор

и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 8. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на Основен граѓански суд Скопје, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени

од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

## 9. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој нацрт извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот Основен граѓански суд Скопје, одржан на ден 12.06.2024 година за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Од страна на одговорното лице на Основен граѓански суд Скопје не се доставени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор бр. 28-118/10 од 18.07.2024 година за депозитна сметка (696).

**Основен граѓански суд Скопје -**
**Депозитна сметка 696**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2023 ГОДИНА**

| | | | во 000 денари |
|---|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2023** | **2022** |
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1. | 26.740 | 7.317 |
| Трансфери и донации | 3.1.2. | 177.016 | 173.744 |
| **Вкупно приходи** | | **203.756** | **181.061** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 4.901 | 4.045 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **4.901** | **4.045** |
| **Вкупно расходи** | | **4.901** | **4.045** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | 3.3. | **198.855** | **177.016** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **198.855** | **177.016** |

## Основен граѓански суд Скопје - Депозитна сметка 696
## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2023 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 198.855 | 177.016 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.2. | 198.855 | 177.016 |
| **Вкупно тековни средства** | | **397.710** | **354.032** |
| **Постојани средства** | | | |
| **Вкупна актива** | | **397.710** | **354.032** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.2.1. | 198.855 | 177.016 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 198.855 | 177.016 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **397.710** | **354.032** |
| **Вкупна пасива** | | **397.710** | **354.032** |

Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи

## 1. ВОВЕД

Основен граѓански суд Скопје располага со депозитната сметка број 290100098169610 - отворена во главната книга на трезорот, депонент на Народна Банка на Република Северна Македонија.
На оваа сметка се води сметководствена евиденција за состојбата и прометот на средствата по основ на примени судски депозити, што се уплатуваат во Основен граѓански суд Скопје.

Согласно приложените картони за депонирани потписи овластени потписници на сметките на Основен граѓански суд Скопје се:

- Илир Сулејмани, претседател на Основен граѓански суд Скопје од 29.04.2015 – 08.11.2023 година,
- Ирена Костадинова Ангелова, заменик претседател на судот и
- Наталија Донева, судија.

По изборот на нов претседател на Основен граѓански суд Скопје, односно од 24.11.2023 потписници се:

- м-р Бесник Авдија, претседател на Основен граѓански суд Скопје од 09.11.2023 година, согласно Одлука за избор на претседател на Основен граѓански суд Скопје бр.09-2190/1 од 08.11.2023 година, а објавена во Сл. Весник на РСМ бр.243 од 17.11.2023 година,
- Емилија Шопар Јованова, заменик претседател на судот и
- Гордана Билеска, судија.

Седиштето на Основен граѓански суд Скопје е на бул. "Гоце Делчев" бр.4, Скопје.

## 2. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### Основни начела

2.1. Правото на корисниците за трошење на средства од Буџетот престанува на 31 Декември. Сите неплатени обврски од фискалната година ќе бидат повторно одобрени и предвидени во позиција во Буџетот за следната фискална година.

2.2. За финансиските средства на корисниците на Буџетот на Република Северна Македонија, приходите наплатени од органи, приходи остварени од самофинансирачки активности и другите финансиски средства се води централизирана наплата на приходите и централизирано извршување на расходите на Буџетот на РСМ, преку трезорска сметка.

**Утврдување на приходи и расходи**

2.3. Признавањето на приходите и другите приливи, во билансот на приходи и расходи се спроведува според сметководственото начело на парично искажување, односно, приходите и другите приливи се признаваат во пресметковниот период во кој настанале и се наплатени до 31 Декември во тековната фискална година, според критериумот на мерливост и расположливост. Приходите и другите приливи се мерливи кога е можно да се искажат вредносно и се расположливи кога се остварени во пресметковниот период.

2.4. Расходите и другите одливи во билансот на приходи и расходи се признаваат според сметководственото начело на парично искажување, во пресметковниот период и во износ во кој е извршено плаќањето.

**Утврдување на состојбата на билансните позиции**

2.5. Проценувањето на билансните позиции се спроведува според сметководственото начело на парично искажување.

2.6. Буџетските корисници ги водат оние сметки на кои во текот на тековната година ќе се појават финансиски трансакции односно промени, како и оние сметки на кои постои почетна состојба на почетокот на фискалната година, побарувањата, состојбата и движењето на средствата, обврските и изворите на средствата.

# 3. БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

## 3.1. Приходи

### 3.1.1. Неданочни приходи

Во Билансот на приходи и расходи на Основен граѓански суд Скопје во 2023 година се искажани неданочни приходи во вкупен износ од 26.740 илјади денари (2022 – 7.317 илјади денари), кои се однесуваат на уплатените судски депозити по разни основи (депонирање на средства за увид, вештачење за судска постапка, одземени средства итн).

### 3.1.2. Трансфери и донации

Позицијата Трансфери и донации е проценета во вкупен износ од 177.016 илјади денари (2022 – 173.744 илјади денари) и го преставува пренесениот вишок на приходи од претходна година.

## 3.2. Расходи

### 3.2.1 Стоки и услуги

Позицијата стоки и услуги е проценета во вкупен износ од 4.901 илјади денари (2022 – 4.045 илјади денари) и се однесуваат на расходи за судски и правни услуги.

## 3.3. Остварен вишок на приходи

Оваа позиција е проценета во висина на остварениот вишок на приходи - добивка пред оданочување за 2023 година во износ од 198.855 илјади денари како разлика помеѓу приходите и расходите за 2023 година (2022 година – 177.016 денари). Остварениот вишок на приходи за 2023 година е усогласен со салдото на паричните средства на сметката за 2023 година и вишокот на приходи за пренос во наредна година, прикажани во годишната сметка во износ од 198.855 илјади денари.

# 4. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

## 4.1. Актива

### 4.1.1. Парични средства

Оваа позиција е проценета во висина на вкупен износ од 198.855 илјади денари (2022 – 177.016 илјади денари) и ја претставува состојбата на паричните средства на 31.12.2023 година која е усогласена со последниот извод на трезорската сметка и со вишокот на приходите (добивката) за пренос во наредната година.

### 4.1.2. Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции

На оваа позиција во вкупен износ од 198.855 илјади денари (2022 – 177.016 илјади денари) искажани се примените судски депозити од граѓани.

## 4.2. Пасива

### 4.2.1. Примени аванси депозити и кауции

Позицијата Примени аванси, депозити и кауции е проценета во износ од 198.855 илјади денари (2022 – 177.016 илјади денари) се однесува за износот на судски депозити уплатени од граѓани.

### 4.2.2. Пасивни временски разграничувања

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 198.855 илјади денари (2022 – 177.016 илјади денари) и е искажан вишок на приходи над расходи на 31.12.2023 година, за пренос во наредна година.